АДВОКАТСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-30
16.01.2020 год.
СКОПЈЕ

*АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**NORTH MACEDONIA BAR ASSOCIATION**

*Скопје, 16.01.2020 година*
*Наш број: 03-30*

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје/Shkup

| Примено: | 16. 01. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| | Број/Numri: | Прилог/Shtojca: | Вредност/Vlera: |
| | | | |

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Д-р РЕНАТА ДЕСКОСКА, Министер за правда**

**Членови на работна група за изготвување на Предлог Законот за измена и дополнување на Законот за парнична постапка**

**Предмет: Доставување на предлози од Адвокатска комора на РСМ за изготвување на Предлог Законот за измена и дополнување на Законот за парнична постапка**

**Почитувани,**

Предлозите за измени и дополнувања на ЗПП произлегуваат од процесната положба на адвокатите како застапници на странките дефинирана во важечкиот закон. Согласно добиените забелешки на адвокатите, Адвокатската Комора на РСМ нагласува дека недвојбено во огромен дел од забелешките, адвокатите се согласни дека нивната процесна положба во важечкото законско решение е крајно неповолна бидејќи тие се ставени во позиција да трпат (а со тоа и нивните странки) исклучително неповолни последици, како на пример отфрлање на поднесоци поради технички пропусти, повлекување на тужба поради неприсуство на рочиште како тужител, судење во неразумен рок, проблеми со информацискиот систем на судот, енормно високи трошоци за странката пред поднесување на тужба пред се поради обврската за изведување на доказ со вештачење, неразумно долги постапки по предмети по правни лекови, што сето заедно значително влијае на улогата и угледот на адвокатурата во нашиот правосуден систем, а со тоа и на правната сигурност на физичките и правните лица во постапките пред судовите кога тие се застапувани од адвокат, како и на достапноста на правдата за лицата со помала финансиска моќ. Во таа насока, сметаме дека предлозите што ги даваме за измени и дополнувања на ЗПП ќе допринесат за надминување на воочените слабости и за соодветна поставеност на адвокатите во постапката, како и постапка која ќе овозможи преку совесно и квалитетно извршување на адвокатската работа, целосна правна сигурност на странките-правните и физичките лица во постапките и достапност на правдата за сите.

Во член 11 од ЗПП став 3,се менува и гласи:
Во парничната постапка судот во однос на постење на кривичното дело и кривична одговорност на сторителот е врзан за правосилната пресуда на кривичниот суд со која обвинетиот се огласува за виновен, но не и со изведените докази врз снова на кои се утврдени факти во кривичната постапка.

Во член 81 се менува став 1 алинеја 2 и гласи:
-лице дипломиран правник со полжен правосуден испит кое со странката е во работен однос
-Се додава нов став 4 кој гласи:
-Пред Апелационите судови и пред Врховниот Суд полномошник на странката може да биде само адвокат .

Член 82 се менува и гласи:
-Ако вредноста на предметот на спорот надминува 1.000.000,00 денари, полномошник на правно лице може да биде само адвокат.

Во член 86 став 3 се менува и гласи:
-став 3: Пред суд од прв степен, во спорови чија вредност не надминува 1.000.000,00 денари, со согласност на странката, адвокат може да го заменува адвокатски стручен соработник со положен правосуден испит кој има засновано работен однос кај адвокатот или во адвокатското друштво чиј основач или вработен е адвокатот.

Член 98:
-став 3 зборовите “односно електронски потпис” СЕ БРИШАТ.
-став 8 СЕ БРИШЕ.

Член 101 став 1 и 2 се менува и гласи:
-став 1: Поднесоците кои до судот се поднесени во писмена форма од полномошник, а кои се неразбирливи или не ги содржат податоците од член 98 став 3, 4 и 5 на овој закон, и поради тоа не може да се постапува по нив, судот ќе ги отфрли. За сите пропусти во поднесоците од технички карактер, како што се грешки во имињата и броевите, грешки во пишувањето или сметањето, изоставување на имиња, матични броеви, даночни броеви, телефонски броеви и други податоци содржани во прилозите кон поднесоците, судот ќе му укаже на полномошникот и ќе му остави рок за исправка не подолг од осум дена.
-став 3:Ако поднесоците не се поднесени во доволен број примероци, судот ќе го повика подносителот или неговиот полномошник да ги достави во доволен број примероци во рок не подолг од осум дена.
-ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 3, 4, 5, 6 и 7 со тоа што во ставовите 3 и 6 по зборовите “подносителот од став (2)”се додава “и став (3)”.

Член 104 се менува и гласи:
-Ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во ден кога судот не работи (сабота или недела), рокот истекува со истекот на првиот нареден работен ден.

Член 108:
-се додава нов став 3 кој гласи:
Доколку судот доцни со одржување на закажаното рочиште, должен е, по протек на петнаесет минути задоцнување, да го одложи рочиштето и да закаже ново рочиште или доколку поради некоја причина судот не е во можност веднаш да го одложи рочиштето и да закаже ново, тогаш рочиштето по проток на петнаесет минути од закажаниот термин се одлага по автоматизам и судот е должен да закаже ново рочиште. Новото рочиште ќе се одржи најмногу 45 дена од денот на одложеното рочиште. Закажаното рочиште со задоцнување повеќе од петнаесет минути може да се одржи само по претходна согласност од страна на странките дадена на записник пред судот.
Ставовите 3,4 и 5 стануваат 4,5 и 6

или алтернативно се додава нов член 108-б, кој гласи:

Доколку судот доцни со одржување на закажаното рочиште, должен е, по протек на петнаесет минути задоцнување, да го одложи рочиштето и да закаже ново рочиште или доколку поради некоја причина судот не е во можност веднаш да го одложи рочиштето и да закаже ново, тогаш рочиштето по проток на петнаесет минути од закажаниот термин се одлага по автоматизам и судот е должен да закаже ново рочиште. Новото рочиште ќе се одржи најмногу 45 дена од денот на одложеното рочиште. Закажаното рочиште со задоцнување повеќе од петнаесет минути може да се одржи само по претходна согласност од страна на странките дадена на записник пред судот.

Член 125-а СЕ БРИШЕ.

Член 126-а се менува и гласи:
-став 1: доколку е тоа можно и доколку информатичкиот систем на судот е во функција, доставувањето се врши на адресата на електронското сандаче на примателот на доставата.
-став 4: електронската пошта од електронското сандаче мора да биде преземена најдоцна ПЕТНАЕСЕТ дена од денот на нејзиното испраќање.
-став 7 СЕ БРИШЕ
-став 8: доколку писменото кое се доставува по електронски пат содржи прилози за кои нема техничка можност да се доставаат електронски, доставата на прилозите се врши на еден од начините определени во членот 125 став 1 на овој закон.
Ставовите 2, 3, 5 и 6 остануваат непроменети

Член 145 став 1 се менува и гласи:
-став 1:Парничните трошоци ги сочинуваат издатоците направени во текот или по повод на постапката, вклучително и за дејствија кои било предвидено да се превземат, но не се превземале или биле одложени, или рочишта кои биле закажани но не се одржале или биле одложени, доколку поради овие дејствија и рочишта странките имале трошоци.

Во Член 150 се додава нов став 2:
-став 2:Доколку одредени дејствија и рочишта кои не биле превземени, одржани или биле одложени по вина на некоја од странките, таа странка е должна на другата странка да и ги надомести овие трошоци независно од исходот на спорот.
Доколку одредени дејствија и рочишта кои не биле превземени, одржани или биле одложени од причина која е на страната на судот, трошоците за двете странки ќе бидат надоместени од судскиот буџет, независно од исходот на спорот.
Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 235 се менува и гласи:

-став 1: Судот ќе изведе доказ со вештачење по предлог на странката кога поради утврдување или разјаснување на некој факт е потребно стручно знаење од одредена област со кое судот не располага. Во наредбата за вештачење, судот ќе наведе во однос на кои факти, околности или за какво разјаснување на состојбата се врши вештачењето.

-став 2: По исклучок, судот ќе изведе доказ со вештачење и без предлог на странките, ако за утврдување на некој спорен факт му е потребно стручно знаење со кое судот не располага, а смета дека тој факт е од клучно значење за правилно утврдување на фактичката состојба.

Во членовите 245 став 1 и 246 став 1 зборовите "став (2)" СЕ БРИШАТ.

Повторно воведување на институтот "МИРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА"

Член 277 се менува и гласи:

-став 1:Мирување на постапката настапува ако двете странки пред заклучување на главната рсаправа се спогодат за мирување, или кога двете странки ќе изостанат од подготвителното рочиште или од рочиштето за главна расправа, како и кога тужителот кој е уредно повикан ќе изостане, или кога на рочиштето ќе дојде само тужителот и ќе предложи мирување поради изостанок на тужениот.
-став 2:Кога странките се спогодиле постапката да мирува, тоа мирување настапува од денот кога за тоа писмено ќе го известат судот.
-став 3:Во случај на мирување, настапуваат истите правни последици како и кај прекин на постапката, освен што роковите определени со закон не престануваат да течат
-став 4:Мирување со спогодба на странките може да настапи еднаш во текот на постапката, додека мирување поради изостанок може да настапи најмногу два пати во текот на постапката.
-став 5: Доколку странките побараат мирување со спогодба повеќе од еднаш или настапат услови за мирување поради изостанок на странките повеќе од два пати во текот на постапката, тужбата се смета за повлечена.

Нов член 277-а:

-став 1:Доколку мирувањето на постапката настапило со спогодба на двете странки, постапката може да биде во мирување најмногу до четири месеци. Во сите други случаи, кога мирувањето настапило поради изостанок на двете или на една од странките, постапката може да биде во мирување најмногу до 30 дена.
-став 2:Ако ниту една од странките пред истекот на рокот од четири месеци, односно триесет дена не поднесе предлог за продолжување на постапката, тужбата ќе се смета за повлечена.
-став 3:Судот на Записник со решение утврдува мирување на постапката во кое назначува од кој ден мирува постапката. Примерок од ова решение во писмена форма се доставува до странките.
-став 4:Доколку решението за мирување странката го прими по истекот на рокот од четири месеци односно триесет дена, предлогот за продолжување на постапката се смета дека е навремен ако е поднесен во рок од три дена по приемот на решенеито.
-став 5:Против решението за мирување, не е дозволена посебна жалба.

Член 280 став 1 се менува и гласи:
-Ако на првото рочиште за главна расправа, како и на некое подоцнежно рочиште не дојде тужителот кој е уредно поканет, а изостанокот не го оправда, настапуваат правните последици согласно член 277 и 277-а од овој закон.

Член 324 се додава нов став 5,кој гласи:
Судот е дожен да одржи рочиште за објава на пресудата и за одржаното рочиште за објава да изготви записник, кој ќе го достави на присутните странки.
Ставот 5 станува став 6

Член 355-а се менува и гласи:
-став 1:Второстепениот суд донесува одлука по жалба најдоцна во рок од три месеци, а во посложените предмети во рок од шест месеци по денот на приемот на предметот во второстепениот суд.
-став 2:Второстепениот суд во секој случај е должен да донесе одлука по жалба во рок од 10 месеци од денот на поднесувањето на жалбата од жалителот.

Член 372 став 3 алинеја 6 се менува и гласи:
-во спорови во кои во постапката по жалба второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда без оглед на вредноста на спорот

Член 373 став 2:

-Врховниот Суд одлуката по ревизија ќе ја донесе најдоцна во рок од десет месеци по денот на приемот на предметот во Врховниот Суд. Одлуката по ревизијата Врховниот Суд во секој случај е должен да ја донесе во рок од 12 месеци по поднесувањето на ревизијата.

Член 438 став 4 СЕ БРИШЕ

Член 461 Ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Член 472 став 3 СЕ БРИШЕ

**АДВОКАТСКА КОМОРА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Љубомир Михајловски, адвокат**

e-mail. lawyermk@mba.org.mk www.mba.org.mk tel. ++ 389 2 3212 452
ул. Даме Груев бр.3, 1000 Скопје, Р.С. Македонија; St. Dame Gruev No.3, 1000 Skopje, R.S. Macedonia